Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр. 66/2013 и 114/2014), како и членовите 31,34,37 и 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 13/98 и 21/09), на седницата одржана ден 07.12.2021 година, го донесе следното:

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

**Согласно член 336 став 3 од ЗКП советот за оцена на обвинителен акт при ценењето на обвинителниот акт оценува дали природата, причините на обвинението и доказите доставени во прилог на обвинителниот акт се подобни да го потврдат основаното сомнение за обвинетиот.**

**Советот за оцена на обвинителен акт не ги анализира доказите, ниту го оценува квалитетот на доказите само внимава дали некој доказ е прибавен на незаконит начин во рамки на приговорот.**

**Правната квалификација на кривичното дело при постоење на основниот облик на делото е предмет на расправа и оценка на судечкиот совет.**

О б р а л о ж е н и е

До Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија преку Одделот за судска практика на овој суд доставена е Иницијатива за начелно правно мислење од Претседателот на кривичниот оддел на Основниот суд Струмица по следните правни прашања:

1. Дали одредбата од член 336 став 3 од ЗКП, му дозволува на Советот за оцена на обвинителен акт при ценењето на обвинителниот акт во однос на “списите на предметот и доказите доставени во прилог на обвинителниот акт“, да ги прочита доказите на обвинителството и ако според тие докази произлегува дека постои некој од основите за одбивање на обвинителниот акт, да донесе одлука согласно член 337 од ЗКП и

2. Дали одредбата од член 338 став 2 од ЗКП му дозволува на Советот за оцена на обвинителниот акт да ја промени правната квалификација на делото за кое обвинетиот се терети. Доколку може и обвинението Советот го одобри со друга правна квалификација, дали се прави повреда на принципот на двостепеност со оглед дека на Решението за одобрување странките немаат право на жалба.

Постапувајки по поднесената иницијатива Врховниот суд на Република Северна Македонија го констатира следното оцената на обвинителниот акт е регулирана во член 336 од Законот за кривичната постапка, при што согласно став 3 од наведениот член на Законот, Советот за оцена на обвинителен акт го цени обвинителниот акт од аспект на наводите наведени во приговорот против обвинителниот акт, списите на предметот и доказите доставени во прилог на обвинителниот акт.

Приговорот е повод Советот да го испитува обвинителниот акт од формална и материјална страна.

При ценењето на обвинителниот акт Советот оценува дали природата, причините на обвинението и доказите доставени во прилог на обвинителниот акт се подобни да го потврдат сомнението на обвинетиот.

Советот за оцена на обвинителен акт не ги анализира доказите, ниту го оценува квалитетот на доказите, не се впушта во проценка на веродостојноста на исказите на сведоците и одбраната на обвинетиот, во оценка на противречните докази, ниту пак во доказната сила на собраните докази, само внимава дали некој доказ е прибавен на незаконит начин во рамки на приговорот. Таквата оценка треба да ја препушти на судечкиот совет на расправа, во контрадикторна постапка, почитувајќи го принципот на еднаквост на оружјата.

Кај прашањето на доволност на докази не се цени кривичната одговорност, туку основаноста на сомнението која би го оправдала изнесувањето на состојбата пред судот.

Имајки ја предвид јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права „основаното сомнение“ дека било извршено кривично дело подразбира постоење на факти или информации со кои еден објективен набљудувач би можел да се убеди дека засегнатото лице веројатно го сторило делото *(Ердагоз против Турција (Erdagoz v. Turkey),* 22 окомври 1997 година, § 51, Reports of Judgments and Decisions 1997-VI; *Фох, Кампбел и Хартли против Обединетото Кралство (Fox, Campell and Hartly v. the United Kingdom),* 30 август 1990 година, § 32, Series A бр.182).

Што може да се смета за „основано“, сепак, зависи од сите околности на случајот (*Фох, Кампбел и Хартли против Обединетото Кралство (Fox, Campell and Hartly v. the United Kingdom),* 30 август 1990 година, § 32, Series A бр.182).

Сомнението треба да биде поткрепено со конкретни факти. Советот кој одлучува по приговорот не е овластен да цени дали фактите и околностите на кои обвинението се заснива пружаат сигурен доказ дека обвинетиот сторил кривично дело, ниту дали се исполнети условите да биде огласен виновен, бидејќи тоа за обвинението не е потребно.

Оттука, за да опстане обвинението е доволно од изведените докази да може да се заклучи дека постои основано сомнение дека сторил кривично

дело, кое му се става на товар. Приговорот не е правен лек против судска одлука, туку правно средство за проверување на постоење доволно основи за изведување на обвинетиот пред суд.

Советот кој одлучува по приговорот не се впушта во анализа на докази, ниту во оценка на противречните докази. На расправа усмено, непосредно и во контрадикторна постапка тоа се остварува пред судечкиот совет, кога се имплементира стандардот на докажување преку испитување на целокупниот доказен материјал и се проценува неговата релевантност.

Оттука, Советот кој решава по приговорот цени само дали има докази и дали тие докази се подобни да го потврдат заклучокот дека постои основано сомнение дека обвинетиот извршил кривично дело.

Советот кој одлучува по повод приговорот доколку утврди дека не се исполнети условите за одбивање на обвинителниот акт како неоснован во смисла на член 337 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка, ќе се впушти во прашањето за правната квалификација на кривичното дело дадена во обвинението само толку колку што е потребно за да се утврди стварната надлежност, или правилноста на постапката (задолжителна одбрана, притвор и слично). Квалификацијата која е дадена од Јавното обвинителство не е задолжителна, а ниту описот на фактичката состојба која ја дало обвинителството, доколку тој опис не се согласува со состојбата на списите, а не со оценка на доказите. Оттука, по повод приговорот нема да се цени дека нема место за обвинение, ниту постапката ќе се запре ако правната квалификација е неправилна, а кривичното дело постои.

Правната квалификација на кривичното дело при постоење на основниот облик на делото е предмет на расправа и оценка на судечкиот совет.

Промената на правната квалификација на Советот за оцена на обвинителен акт е некомпатибилна *ratione materiae* со одредбите на Законот за кривичната постапка.

Врз основа на наведеното, донесување на едно вакво Правно мислење, Врховниот суд на Република Северна Македонија смета дека е особено важно во ситуации кога условите во законот се доволно јасно и прецизно пропишани, но при толкување на истите да се оневозможи арбитрерност, дивергентност и неусогласеност, со примена на посистематичен и унифициран пристап при постапувањето.

**Оддел за казниви дела**